**20251513348**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 јули 2025 година.

Бр. 08-4145/1
22 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2025 ГОДИНА**

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 254/24), во членот 11 став 1, по зборот „просечната“ се додава зборот „месечна“, а зборовите: „во претходната година„ се заменуваат со зборовите: „во претходните три месеци“.

Член 2

Во член 20 во ставот 3 по точката на крајот на реченицата се додава нова реченица, која гласи: „Раководителот на буџетскиот корисник доставува известување до Министерството за финансии за дадените согласности за преземање меѓу единките корисници“.

Член 3

Во член 34 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Средствата утврдени во Раздел 12101–Министерство за животна средина и просторно планирање, Потпрограма 28–Заштита на природата, ставка 489–Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации се користат врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за животна средина и просторно планирање.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.